Трговско радио дифузно друштво
Оператор на кабелска мрежа
КАБЕЛ-Л-НЕТ Дооел
с. Лабуништа

ДОГОВОР Бр. ----------

За користење на приклучок за прием на радио и телевизиски програми преку **КАБЕЛСКА МРЕЖА**

Склучен на ден. ---------- год.
Помеѓу:
1. **Кабел-Л-Нет Дооел с. Лабуништа** општина Струга (во понатамошен текст Кабелски оператор) застапувано од Управителот Шерифоски Тасим од една страна, и

2. ---------- од с. ---------- општина Струга со ЕМБР ----------
(во понатамошен текст Корисник) од друга страна.

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОР

Член 1

Предмет на договорот е уредување на правата и обврските на договорените страни кои произлегуваат од склучување на договорот.

ЦЕЛ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Цел на договорот е монтирање и користење на приклучок за прием на радиотелевизиски програми преку кабелска мрежа во станот/просториите на корисникот за следење на дистрибутивните радиотелевизиски канали за што корисникот плаќа надомест определен со овој договор.

ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРЕНИТЕ СТРАНИ

Член 3

Кабелскиот оператор се обврзува да изврши приклучување на корисникот кон кабелската мрежа со што на корисникот ќе му овозможи (односно нема да му попречи) квалитетен прием на минимален број од (40)ТВ програми кои се пренесуваат преку истата непрекинато 24 (дваесет и четири) часа дневно, односно на корисникот во подрачјето на канцеларијата да им се обезбедат (да не им се попречат) техничките можности за прием на сите домашни радио-телевизиски програми кои се емитуваат на подрачје на с. Лабуништа. Подгорци и Боровец.

Член 4

Приклучување на корисникот кон кабелската мрежа се врши од страна лице на Кабелскиот оператор и тоа во период од 24 часа по потпишување на договорот. Корисникот се обврзува дека ќе се грижи за опремата инсталирана во неговиот имот, а во случај на оштетување сам подлежи на одговорност.

Член 5

За да може корисникот квалитетно да ги гледа сите ТВ програми од кабелската мрежа, потребно е да се поседува ТВ приемник со можност за прием на таканаречените S и Hyperband канали и обезбедена (заземјена) електрична мрежа.Сите понудени Тв програми се менуваат со одобрен програмски пакет на програмски содржини од Советот за Радиодифузија.

Член 6

Корисникот се обврзува дека ќе му овозможи непречен пристап (на лица овластени од Кабелскиот оператор кои предходно ќе се легитимираат) во своите простории/станот во кои ќе се изврши монтажа преглед или мерење на кабелската мрежа и да не го попречува спроведувањето на кабелот од Кабелскиот оператор од својот до соседниот објект.

ВИД И НАЧИН НА ОДРЖУВАЊЕ НА УСЛУГАТА ШТО СЕ ПРЕДМЕТ НА ПРЕТПЛАТНИЧКИОТ ДОГОВОР

Член 7

Корисникот се обрзува дека нема самостојно да врши отстранување на евентуални дефекти на кабелската мрежа и веднаш ке пријави на телефонот за контакти 046/550-550 и дека нема да врши било какви дејствија врз опремата на кабелската мрежа дури и ако биде исклучен од неа.

Член 8

Кабелскиот Оператор се обврзува да врши контрола и обновување на поставената мрежа каде има потреба од тоа. Кабелскиот Оператор се обрзува дека по завршување на работите околу приклучокот ќе обезбеди редовно одржување на мрежата.

Доколку настане дефект на мрежата корисникот е должен истиот да го пријави на **телефонскиот број за грижа на корисници, 046/550-550** или во просториите на операторот.

Кабелскиот оператор е должен да пристапи кон отстранување на дефектот во рок од 4 часа односно во рок од 12 часа доколку дефектот настане во времето од 20.00 до 06.00 часот наредниот ден.

НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член10

Кабелскиот оператор се обврзува најкасно од 1ви до 10ти во месецот да достави сметка за изминатиот месец на име на корисникот.

Корисникот се обврзува дека месечниот надоместок ќе го уплаќа редовно во просториите на Кабелскиот оператор во рок од 15 дена од денот на добивање на име месечна такса за изминатиот месец.

Не примањето на сметка или не поседување на сметка од било која причина не го ослободува претплатникот од обврската претплатникот да го плати долгот во предвидениот рок, односно претплатникот сам треба да побара сметка доколку истата не ја примил.

Кабелскиот оператор го задржува правото за промена на висината на месечниот надомест во зависност од пазарните услови.

Кабелскиот оператор може да го исклучи корисникот за ненавремено плаќање на месечната претплата, во случај на повреда на одредбите од претплатничкиот договор.

Операторот треба писмено да го извести претплатникот и во рок од (5)пет дена да ги изврши договорените обврски од претплатничкиот договор.

ЦЕНИ НА УСЛУГИТЕ

Месечен надоместок (претплата) во висина од 300,00 денари.
Еднократен надоместок за приклучок 0.00 денари.
Повторен приклучок (поради исклучување) 0.00 денари.
Во цената е вкалкулиран ДДВ од 18%

ПРОМЕНИ НА УСЛОВИТЕ ОД ПРЕТПЛАТНИЧКИОТ ДОГОВОР

Кабелскиот оператор може да ги менува условите во претплатничкиот договор по претходно известување на претплатникот, операторот треба да го извести претплатникот во рок кој неможе да биде пократок од 30 дена пред воведување на измените.

Известувањето треба да ги содржи сите предложени измени во условите наведени во претплатничкиот договор,како и право на претплатникот дека во истиот период,односно во рокот кој не може да биде пократок од 30 дена од денот на известувањето,без последици да може да го раскине претплатничкиот договор,доколку не се согласува со предложените измени

Доколку Кабелскиот оператор не постапи во согласност со став 2 од овој член, тоа нема да ги ослободи претплатниците од плачање на пристигнатите и неплатените обврски или исполнување на договорените обврски пристигнати пред извршените измени во условите наведени во претплатничкиот договор.

Член 11

Доколку корисникот не го уплати месечниот надомест во рок утврден во член 10 од овој договор, Кабелскиот оператор е должен **писмено да го извести** корисникот при што ќе му одреди рок во кој е должен да го уплати долгот. **Доколку корисникот не го плати надоместокот во определен рок од страна на Кабелскиот оператор истиот ќе биде исклучен.** За повторно прилучување корисникот е должен да го подмири заостанатиот долг во целос или на рати.

Член 12

Корисникот не смее да приклучи друг корисник и ТВ приемник на својот **приемник** ниту својот приклучок може да го предаде односно да го отстапи на трето лице без претходен договор со Кабелскиот оператор.

Доколку дојде до промена на сопственоста на станот претплатникот е должен веднаш да го извести Кабелскиот оператор за настанатата промена, во тој случај претплатникот е должен да ги подмири своите обврски кон Кабелскиот оператор.

Доколку новиот сопственик на станот сака да ги користи услугите на Кабелскиот оператор се склучува нов договор без надомест за приклучна такса.

Член 13

Во случај на слаб квалитет или привремен прекин на дистрибуцијата на сигналот на РТВ-програмите трае подолго од 48 часа,корисникот ќе биде обештетен на начин што

На Корисникот Месечната претплата ќе му биде пропорционално намалена за деновите кога настанал привремениот прекинот,

Член 14

Кабелскиот оператор не сноси одговорност за евентуален пренос на дефектот на мрежата предизвикани од страна на трето лице,или виша сила,

При невреме, (Грмотевици) и друго, корисникот е должен антенскиот приклучок од ТВ приемникот да го исклучи.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 15

Време трење на Договорот,

☐ Неопределено, ☐ 1 година, ☐ 2 години.

Договор стапува на сила со денот на неговото потпишување.

ПРИГОВОРИ И ЖАЛБИ

Член 16

Кабелскиот оператор ќе му овозможи на корисникот посебен образец за поднесување на приговор со име и седиште, телефонски броеви, и адреса за поднесување до надлежната служба за решавање по истиот.

Претплатникот има право на приговор против одлуката или активностите на кабелскиот оператор во врска со пристапот до или обезбедување на услуга.

Приговорот до операторот се поднесува во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката односно од започнување на активностите кои се предмет на приговорот.

Во случај на поднесен приговор во врска со износот на сметката се до донесување на конечна одлука претплатникот е должен да го плати износот на месечната претплата до датумот наведен во сметката

Кабелскиот оператор по поднесениот приговор треба да одлучи во рок од 15 дена од денот на приемот на приговорот и за тоа писмено да го извести претплатникот.

Известувањето треба да содржи детално образложение за причините за одбивањето односно прифаќање на приговорот како и упатство за правото на претплатникот да поднесе барање за заштита на своето право пред Агенцијата за Електронски Комуникации.

Доколку претплатникот нее задоволен од донесената одлука по приговорот има право во рок од 15 дена од денот на приемот на истата да побара заштита на своето право пред Агенцијата за електронски комуникации.

Доколку Кабелскиот оператор не постапи по приговорот во рокот утврден во став 5 од овој член претплатникот има право да побара право пред Агенцијата во рок од 35 дена од денот на поднесување на приговорот до Кабелскиот оператор.

Агенцијата одлучува по приговорот од претплатникот во рок од 42 дена од денот на приемот.

Корисниците може да се информираат и да ги остварат своите права преку повик на бесплатниот телефонски број 190 на контакт центарот на Агенцијата за Електронски Комуникации.

РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 17

Договорот може да биде раскинат најкасно 15 дена од денот на поднесување на писмено барање од Корисникот до Операторот.

Операторот може да го раскине договорот во случај на злоупотреба на условите на користење од страна на Корисникот за цел спротивна на одредбите на овој договор и Законот за електронски комуникации и други законски прописи.во рок од 15 дена од датумот на претходно писменото известување на корисникот

Во овој случај Корисникот е должен да ги плати доспеаните обврски во целост.

Операторот може да го раскине договорот и во случај на ненавремено плаќање на месечниот надомест.

Член 18

Во случај на спор на овој договор ќе решава надлежниот Основен суд во Струга.

Член 19

Овој договор е составен во 2 (два) примерока од кои по 1 (еден) за секоја од договорените страни.

Договорот стапува во сила со денот на потпишувањето.

КАБЕЛСКИ ОПЕРАТОР
КАБЕЛ-Л-НЕТ Дооел с.Лабуништа

КАБЕЛ-Л-НЕТ ДООЕЛ ЛАБУНИШТА-СТРУГА

КОРИСНИК